# Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” објавува
# Повик за пријавување на студенти Роми и РОМАВЕРЗИТАС Алумни Роми за учество на тренинг за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за пријавување на студенти Роми и РОМАВЕРЗИТАС Алумни за учество на тренинг за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства. Проектот е финансиски поддржан од страна на Ромскиот Образовен фонд од Будимпешта.

## Опис на тренингот и периодот на реализација

Основната цел на тренингот е да им овозможи на учесниците на тренингот да се стекнат со практични знаења и вештини за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства, да ги унапредат своите искуства во однос на проектното планирање и достапноста до средства, како и да си ја зголемат подготвеноста за поуспешно вклучување во граѓанските организации, вклучувајќи го и ЗГ „РОМАВЕРЗИТАС“.

Теми кои ќе бидат опфатени на тренингот:

- планирање и значење на планирање;
- дрво на проблеми;
- елементи на логичка рамка;
- буџетирање;
- следење и оценка на спроведувањето на проектот;
- мобилизрање на средства.

Тренингот ќе се одржи во период од 21 до 23 април 2017 година во Струга, хотел Соферино.

Работен јазик на тренингот ќе биде македонскиот јазик.

## Услови за пријавување

Заинтересираните студенти Роми за учество на тренингот потребно е да ги исполнуваат следниве услови:

- да се редовни студенти Роми на последните две години на студии на додипломски студии на државните или приватните универзитети во Република Македонија;
- да се активни корисници на проектните активности на проектот: Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија.

Покрај тековните студенти Роми, право на учество на обуката имаат и дипломирани Роми – РОМАВЕРЗИТАС Алумни, кои биле корисници на активностите на проектот Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија во текот на нивните студии.

## Документи за пријавување

Заинтересираните студенти и РОМАВЕРЗИТАС Алумни за учество на тренингот потребно е да ги достават следниве документи:

- потврда за редовен студент;
- писмо за мотивација;
- кратка биографија во europass формат во која ќе биде јасно, конкретно и видливо наведена и вклученоста во проектните активности на проектот: Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија, како и активности поврзани со учества и искуства со раководење на проектен циклус.

## Начин и краен рок за пријавување

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 13 април 2017 година.

## Селекција на кандидатите

Селекцијата на подобните кандидати за учество на тренингот ќе ја вршат членовите на Извршниот одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“.

Критериуми при процесот на селекција се:

- исполнувањето на условите на повикот;
- квалитетот на кратката биографија.

За предност при процесот на селекција на кандидатите ќе се смета:

- претходно искуство во раководење со проектен циклус.

Во процесот на селекција ќе се земе во предвид половата и територијалната застапеност.

Дополнителни информации за повикот за пријавување на студенти и РОМАВЕРЗИТАС Алумни за учество на тренингот за раководење со проектен циклус и мобилизирање на средства можете да ја добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk